Предлог

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 181 став 1 и 3 од Законот за правда на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24 и 55/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 8/21), а согласно Одлуката за формирање на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 03/12 и 03/14)

Советот на Општина Велес на 5-та седница одржана на ден _.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на членови во**
**Општинскиот совет за превенција**
**од детско престапништво на Општина Велес**

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандат на членовите во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес:

- Даниел Јаневски , член на Советот;
- Силвија Богоевска, член на Советот;
- Пандорка Лазаровска Прличкова , член на Советот и
- Ана Бошкова, претставник на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Советот на Општина Велес на 64-та седница, одржана на ден 28.05.2025 година, донесе Решение за именување на член во Општинскиот совет за превенција од детско престапништво на Општина Велес со бр.25-3016/44 со кое се именува Силвија Богоевска, член на Советот на Општина Велес за член во Општинскиот совет за превенција од детско престапништво на Општина Велес.

Од причина што на именуваното лице и престана мандатот за член во Советот на Општина Велес, а воедно и престана и мандатот за член во Општинскиот совет за превенција од детско престапништво на Општина Велес, потребно е на нејзино место да се именува нов член.

Советот на Општина Велес на седница, одржана на ден 31.01.2022 година, донесе Решение за разрешување и именување на членови на Општинскиот совет за превенција од детско престапништво на Општина Велес со бр. 25-555/20 од 01.02.2022 година со кое се именуваат Пандорка Лазаровска Прличкова и Даниел Јаневски, за членови во Општинскиот совет за превенција од детско престапништво на Општина Велес.

Од причина што на именуваните лица им престана мандатот за членови во Советот на Општина Велес, а воедно им престана и мандатот за членови во Општинскиот совет за превенција од детско престапништво на Општина Велес, потребно е да се именуваат нови членови.

На ден 27.11.2025 година, од страна на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес е доставено Известување со арх.бр.25-5535/1 за именување нов член во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес, претставник на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес.

Советот на Општина Велес, на седницата одржана на ден 17.10.2024 година, донесе Решение за именување на членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес, со арх.бр.25-4068/57 од 18.10.2024 година.

Од причина што на Ана Бошкова и заврши четиригодишното гимназиско образование, од страна на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес, се предлага Ања Трајковска да се именува за член во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес, претставник на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ Велес.

Согласно чл.181 став 1 и 3 од Законот за правда на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24 и 55/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 8/21): (1) став 1: „Градоначалниците на општините, градоначалниците на општините во градот Скопје и градоначалникот на Градот Скопје им предлагаат на Советите на Општината, Советите на Општините во Градот Скопје и Советот на Град Скопје да именуваат Совет за превенција на детско претстапништво и став 3: „Членови на општинскист совет се претставници на подрачните единици на Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа, претставници на советот на родители во основните и во средните училишта, Унијата на средношколци, Адвокатската комора на Република Северна Македонија, здруженија и фондации, јавниот обвинител кој работи во областа на детското престапништво и судијата за деца од судовите од проширена надлежност или судија кој ќе го определи претседателот на судот.“

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 03 - 728/1
26.11 2025 год.
ВЕЛЕС

До

Општинскиот совет за превенција од детско престапништво

Општина Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Примено: 27-11-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 25- | 5535/1 | 1 | |

**Почитувани,**

Ве известуваме дека ученичката Ана Бошкова, претседател на Ученичкиот совет при СОУ „Гимназија Кочо Рацин" – Велес и член на Општинскиот совет за превенција од детско престапништво, во учебната 2024/2025 година го заврши своето четиригодишно гимназиско образование во СОУ „Гимназија Кочо Рацин" – Велес. Врз основа на резултатите од гласањето на учениците во СОУ „Гимназија Кочо Рацин" – Велес, за претседател на Ученичкиот совет е избрана ученичката Ања Трајковска од III - 2 клас, која ја предложуваме да биде член на Општинскиот совет за превенција од детско престапништво на местото на ученичката Ана Бошкова.

Член на Општинскиот совет за превенција од детско прeстстапништво

претставник од СОУ „Гимназија Кочо Рацин" – Велес

Весна Павлова

---------------------------------

СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Велес, по донесената одлука за користење на простор, ќе склучи договор со корисникот, во кој ќе бидат уредени начинот и другите услови на користење.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-1280/5
01.03.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

33.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлука за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко претстапништво на Општина Велес

Се објавува Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко претстапништво на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29.02.2012 година.

Број 08-1360/5
05.03.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/), член 45 став/1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес " бр.12/06; 3/09 и 18/10 ), а во врска со член 147 став 1 од Законот за малолетничка правда („Сл. весник на РМ" бр.87/07 ),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.02.2012 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Велес

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Општински совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Велес.

**Член 2**

Општински совет за превенција од малолетничко престапништво брои 27 членови.

**Член 3**

Во општинскиот совет за превенција членуваат претставници од:

- Советот на Општина Велес ,3 (три) члена;
- општинската администрација ,1 (еден) член;
- Министерството за внатрешни работи, 1 (еден) член;
- ООУЈ Детска градинка , 1 (еден) член;
- Центарот за социјална работа, 1 (еден) член;
- Советот на родители во основните училишта / од секое училиште по еден претставник /, 7 (седум) члена;
- средните училишта, /по еден претставник /, 4 (четири) члена;
- унијата на средношколци, 1 (еден) член;
- адвокатската комора, 1 (еден) член;
- здруженија на граѓани и фондации /кои работат на полето на заштитата и правата на децата/, 3 (три) члена;
- јавен обвинител кој работи на областа на малолетничката деликвенција и превенција , 1 (еден) член;
- судија за малолетници односно судија определен од претседателот на судот, 1 (еден) член и
- медиумите, 2 (два) члена.

**Член 3**

Членовите се именуваат за време од пет години, со право на повторен избор.

**Член 4**

Врз основа на оваа одлука Општината покренува постапка за избор на членови во Советот со јавен повик за предлагање на кандидати.

**Член 7**

Програмата на општинскиот совет за превенција од малолетничко престапништво се финансира врз основа на финансиски план од Буџетот на општината и од други средства.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-1280/6
01.03.2012година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

**34.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за воведување на ноќно собирање на комунален и комерцијален отпад на територијата на Општина Велес**

Се објавува Одлуката за воведување на ноќно собирање на комунален и комерцијален отпад на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29.02.2012 година.

Број 08-1360/6
05.03.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за управување со отпадот ("Службен весник на РМ" бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.02.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за воведување на ноќно собирање на комунален и комерцијален отпад на територијата на Општина Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука се воведува ноќно собирање на комунален отпад на територијата на Општина Велес, што се создава од физички лица од домаќинствата и комерцијален отпад што се создава од физички и правни лица при вршење на комерцијални, занаетчиски, услужни и административни активности (во понатамошниот текст -отпадот).

**Член 2**

Собирањето и транспортирањето на отпадот согласно член 1 на оваа Одлука ќе се извршува од страна на ЈКП „Дервен".

**Член 3**

Отпадот создаден на територијата на Општина Велес кој ќе се собира и транспортира е класифициран во група 20 од Листата на видови отпади и е означен како неопасен отпад.

Начинот на собирање на отпадот ќе се врши по утврдени реони од I-VIII, кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

Системот за собирање на отпадот е оперативен шест дена во седмицата, секој ден од недела до петок, вклучувајќи и државни празници.

ЈКП "Дервен" е должен отпадот да го собира два пати во неделата, а во централното градско подрачје и главните сообраќајници секој ден освен во сабота.

Во летниот период собирањето и транспортирањето на отпадот започнува од 21:00 04:00 часот, а во зимскиот период од 19:00 02:00 часот.

Зимскиот период започнува од 01 ноември до 31 март, а летниот период започнува од 01 април до 31 октомври.

**Член 5**

Изнесувањето на отпадот од страна на корисниците на услугите согласно собирањето на отпадот во ноќните часови ќе се врши од 20:00 до 21:00 часот во летниот период, а во зимскиот период ќе се врши од 18:00 до 19:00 часот.

**Член 6**

ЈКП „Дервен" е должен при извршување на услугата да се грижи за непречено и квалитетно извршување на операциите, при собирањето и транспортирањето на отпадот да води грижа отпадот да не се растура, да не се крева прав и да не се создава прекумерна бучава која ќе го ремети мирот на граѓаните.

**Член 7**

Оваа Одлука ќе се спроведува од страна на ЈКП „Дервен", а надзор и контрола на извршувањето ќе врши овластениот инспектор за животна средина при Општина Велес.

Урбанистички планови во Општина Велес за 2014 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.17/13 и 2/14) се врши следнава измена:

Во глава II „Планирање", точка 4 „Планирани за изработка се следните планови:" во табелата под реден бр. 41 текстот во табелата во целост се брише и се заменува со следниот текст: „

| | | |
|---|---|---|
| 41 | ДУП за дел од УБ 49, УЕ 9 од Генерален урбанистички план на град Велес, опфат помеѓу улица Димко Најдов, јужна граница на КП 10057 и граница на ГУП, Локалитет Димко Митрев (стар погон), КО Велес, Општина Велес | 3,0ha |

Понатаму, после редниот бр. 46 се додаваат две нови колони со следниот текст:

| | | |
|---|---|---|
| 47 | Локална урбанистичка планска документација со намена Д3-спорт и рекреација (спортско игралиште) на дел од КП 959 и дел од КП 960, КО Караслари, Општина Велес | 0,30ha |
| 48 | Локална урбанистичка планска документација за стопански комплекс со намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија за КП 15318, КП 15329 и КП 15330 и дел од КП 15614, КО Велес, Општина Велес | 3,5ha |

2. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2426/3
14.03.2014 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Александар Колев

**33.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Велес**

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 13.03.2014 година.

Број 08-2533/3
ГРАДОНАЧАЛНИК
Велес

18.03.2014 година
на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/), а во врска со член 158 и 163 од Законот за правда на децата („Сл. весник на РМ" бр.148/13), и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес " бр.12/06, 3/09 и 18/10 ),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 13.03.2014 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престпаништво на Општина Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престпаништво на Општината Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр. 03/12), каде во насловот на Одлуката зборовите „од малолетничко", се бришат и се заменуваат со зборовите „на детско".

**Член 2**

Во членовите 1, 2, 6 и во членот 7, зборовите „од малолетничко", се бришат и се заменуваат со зборовите „на детско".

**Член 3**

Во член 5, став 1, алинеа 5, зборот„малолетничкото" се брише и се заменува со зборот „детското", понатаму зборот „малолетните" се брише и се заменува со зборот „деца".

**. Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2426/4
14.03.2014 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Александар Колев с.р.

**34.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работењето на Општина Велес за 2013 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај на Општина Велес за 2013 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 13.03.2014 година.

Број 08-2533/4
18.03.2014 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 13.03.2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишен извештај за работењето на Општина Велес за 2013 година**

1.Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за работењето на Општина Велес за 2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2426/5
14.03.2014 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Александар Колев с.р.

**Бр.19**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за разрешување и именување членови на Општинскиот совет за превенција од детско претстапништво на Општина Велес**

Се објавува Решението за разрешување и именување членови на Општинскиот совет за превенција од детско претстапништво на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.01.2022 година.

Број 08 – 592/19
02.02.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02), член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06, 03/09, 18/10, 14/15, 15/18, 06/19 и 8/21), а согласно Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од детско претстапништво на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.03/12),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.01.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на членови на Општинскиот совет за превенција од детско претстапништво на Општина Велес**

1.Од членови на Општинскиот совет за превенција од детско претстапништво на Општина Велес се разрешуваат:

-Пандорка Лазаровска Прличкова, преставник од СОВ
-Славче Радевски, преставник од СОВ
-Надица Калаузарова, преставник од СОВ
-Виолета Гемишова, преставник од ООУ „Васил Главинов“
-Габриела Шестакова, преставник од ООУ „Панко Брашнаров“
-Зилха Биберовиќ, преставник од ООУ„Рајко Жинзифов“

2.За членови на Општинскиот совет за превенција од детско претстапништво на Општина Велес се именуваат:

- Менка Андреева,
- Даниел Јаневски и
- Пандорка Лазаровска Прличкова
- (членови на Советот на Општина Велес)
- Катерина Ѓорѓиева, преставник од ООУ „Васил Главинов“
- Слаѓана Настева, преставник од ООУ „Панко Брашнаров“
- Тоше Лучков, преставник од ООУ„Рајко Жинзифов“
- Нафит Исмаили, преставник од ООУ „Лирија“

3.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-555/20
01.02.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.03/09,18/10,14/15,15/18, 06/19 и 08/21), а во врска со

Советот на Општина Велес на 64-та седница одржана на ден 28.05.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на член во**
**Општинскиот совет за превенција**
**од детско престапништво на Општина Велес**

1. Силвија Богоевска се именува за член во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-3016/44
28.05.2025 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
- Градоначалник;
- Одделение за јавни дејности и
- Списи и архива.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), член 22, став 3 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 14/15, 15/18, 06/19 и 8/21), а согласно Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од детско претстапништво на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.03/12 и 03/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 17.10.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови на Општинскиот совет**
**за превенција на детско претстапништво**
**на Општина Велес**

1.За членови на Општинскиот совет за превенција на детско претстапништво на Општина Велес се именуваат:

- Родна Трајковска, претставник на Општина Велес;
- Татјана Ѓуровска, претставник од МВР-СВР Велес;
- Соња Ристовска ,претставник од ООУ „Св. Кирил и Методиј" Велес;
- Пенчо Андреев, претставник од ООУ „Блаже Конески" Велес;
- Билјана Коџобашиева, претставник од ОСУ ,,Јовче Тесличков" Велес;
- Кристинка Пачукова, претставник од ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски" Велес;
- Ангел Трипчев, претставник од Основен суд Велес;
- Ана Бошкова, претставник на Средношколска заедница на СОУ „Гимназија Кочо Рацин" Велес;
- Маја Стојанова, претставник од ООУ „Стојан Бурчевски Буридан" Велес и
- Гордана Тодорова, претставник од ОЈО Велес.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-4068/57
18.10.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Ѓаневски

Доставено до:
- Градоначалник;
- Одделение за јавни дејности;
- Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа;
- лицата и
- Списи и архива.